		Работилница: “Истражување кариерни можности” – прва група на ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за истражување на пазарот на трудот	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник

Ноември	ученици	Работилница: Елементи на индивидуален кариерен план – прва група на ученици	Да им се помогне на младите да се запознаат со елементите на ИКП и начинот на негово водење	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница за градење меки вештини “Подготовка за професионален избор”	Да им се овозможи градење меки вештини на учениците	Ученици од II-IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
	Соработка и вмрежување	Мапирање и склучување на меморандуми со приватен сектор	Да се воспостават партнерства со компании и организации од приватниот сектор за обезбедување поддршка, менторство, стажирање и други можности за учениците, со цел подобрување на кариерното советување и подготовка за пазарот на труд.	Локални компании и организации од приватен сектор	Склучен меморандум со минимум 3 компании. Идентификувани компании и организации кои можат да понудат поддршка или соработка. Склучени меморандуми за соработка	Кариерен советник и тим за кареирно советување
	Работа со ученици	Работилница: „Како да донесам одлука?“ – прва група на ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за донесување информирани и одговорни одлуки во врска со своето образование, кариера и личен живот.	Ученици од IV година	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици, познаваат различни модели и техники за донесување одлуки. Подобрена самодоверба	Кариерен советник
		Работилница: “Мојата кариерна патека” – втора	Да им се помогне на младите да развијат вештини за визионирање во однос на	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник

Декември		група на ученици	соптвената кариера			
		Работилница: “Кој сум јас?” – втора група на ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за самопроценка	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница за градење меки вештини: “Подготовка за професионален избор”	Да им се овозможи градење меки вештини на учениците	Ученици од II-IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
	Соработка и вмрежување	Мапирање и склучување на меморандум со високо образовни институции	Да се воспостават партнерства со високо образовни институции за да се обезбеди навремено информирање на учениците за можностите за студирање	Високо образовни институции во земјата и странство	Склучен меморандум со минимум 3 високо образовни институции	Кариерен советник и тим за кареирно советување

Јануари	Работа со ученици	Работилница: “Мапирање на професии?” – втора група на ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за мапирање на можности	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница: “Истражување кариерни можности” – втора група на ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за истражување на пазарот на трудот	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
	Соработка и вмрежување	Мапирање и склучување на меморандум локални и национални НВО	Да се воспостават партнерства со локални и национални НВО од различни сектори, со цел проширување на видиците кај учениците	Локални и национални НВО	Склучен меморандум со минимум 3 НВО	Кариерен советник и тим за кариерно советување

Февруари	Работа со ученици	Работилница: Елементи на индивидуален кариерен план – втора група на ученици	Да им се помогне на младите да се запознаат со елементите на ИКП и начинот на негово водење	Ученици од IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница: „Како да донесам одлука?“ – втора група на ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за донесување информирани и одговорни одлуки во врска со своето образование, кариера и личен живот.	Ученици од IV година	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици. Учениците ќе се запознаат со различни модели и техники за донесување одлуки. Подобрена самодоверба при кариерни избори.	Кариерен советник
		Работилница: “Креирање кариерни цели и акциски план” – прва група ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за планирање кариера	Ученици од IV година	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици. Подобрена самодоверба при кариерни избори.	Кариерен советник
		Индивидуални сесии за кариерно советување	Да им се обезбеди индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување , донесување одлуки и сл.	Ученици од IV год	Опфат од минимум 5% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница за градење меки вештини : “Подготовка за професионален избор”	Да им се овозможи градење меки вештини на учениците	Ученици од II-IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник

	Соработка и вмрежување	Мапирање и склучување на меморандум со основни училишта од регионот	Да се воспостават партнерства со основни училишта од регионот, со цел организирање заеднички активности за промоција на училиштето до идните ученици.	Основни училишта од регионот	Склучен меморандум со минимум 3 основни училишта	Кариерен советник и тим за кариерно советување
Март	Работа со ученици	Работилница: “Креирање кариерни цели и акциски план” – втора група ученици	Да им се помогне на младите да развијат вештини за донесување информирани и одговорни одлуки во врска со своето образование, кариера и личен живот.	Ученици од IV година	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици. Учениците ќе се запознаат со различни модели и техники за донесување одлуки. Подобрена самодоверба при кариерни избори.	
		Работилница: Истражување образовни можности	Да им се помогне на младите да развијат вештини за истражување образовни можности, анализа на студиските програми, критериуми за упис на факултети, можности за стипендирање и сл.	Ученици од IV год	Опфат од минимум 70% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Индивидуални сесии за кариерно советување	Да им се обезбеди индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување , донесување одлуки и сл.	Ученици од IV год	Опфат од минимум 5% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница за градење меки вештини : “Подготовка за	Да им се овозможи градење меки вештини на учениците	Ученици од II-IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник

		професионален избор”				
	Соработка и вмрежување	Саем на образование и кариера	Да им се овозможи на учениците директен увид во различни образовни и професионални патишта преку средба со претставници од училишта, универзитети и компании, со цел информирано донесување одлуки за иднината.	Ученици од сите години во средното училиште (со посебен фокус на завршните години), родители и наставници.	Опфат од минимум 50% од вкупниот број на ученици. Учениците ќе се запознаат со можностите за понатамошно образование и кариера. Подобрена информираност за професиите, пазарот на труд и образовните институции.	Тим за кариерено советување
		Заеднички работилници со ученици од основно образование	Да се доближат струките и профилите до учениците од основните училишта, преку конкретни стручни активности	Ученици од основните училишта	Опфат од минимум 50% од учениците од основните училишта во регионот.	Тим за кариерено советување
Април	Работа со ученици	Денови на матурантите : “Покажи што знаеш”	Да им се овозможи на младите да ги изразат своите размислувања, вештини, таленти, идеи, социјални вештини, хуманост и сл. преку активности кои ќе траат една недела	Ученици од IV год	Опфат од минимум 50% од учениците	Тим за кариерено советување
		Индивидуални сесии за кариерно советување	Да им се обезбеди индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување , донесување одлуки и сл.	Ученици од IV год	Опфат од минимум 5% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник

		Работилница за градење меки вештини : “Подготовка за професионален избор”	Да им се овозможи градење меки вештини на учениците	Ученици од II-IV год	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
	Соработка и вмрежување	Заеднички состаноци со класни раководители и наставници	Да се овозможи прибирање на податоци за учениците од страна на наставниците по различни предмети, со цел комплетирање на портфолијата на учениците.	Ученици од III-IV год	Опфат од минимум 70% од вкупниот број на ученици.	Тим за кариерено советување
Мај	Работа со ученици	Индивидуални сесии за кариерно советување	Да им се обезбеди индивидуална поддршка на учениците во процесот на самопроценка, истражување , донесување одлуки и сл.	Ученици од IV год	Опфат од минимум 5% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Работилница за градење меки вештини : “Подготовка за професионален избор”	Да им се овозможи градење меки вештини на учениците	Ученици од II-IIIгод	Опфат од минимум 35% од вкупниот број на ученици.	Кариерен советник
		Ревидирање на придобивките од кариерно советување и самоевалуација на процесот	Да им се помогне на младите да развијат вештини за самоевалуација, анализа на постигнати промени, воочени јаки и слаби страни, ревидирање на донесени одлуки и сл.	Ученици од IV год	Опфат од минимум 70% од вкупниот број на вклучени ученици.	Тим за кариерено советување

	Соработка и вмрежување	Отворен ден на училиштето	Презентирање на можностите кои ги нуди училиштето за квалитетно стручно образование, и поддршка со процес на кариерно советување.	Различни чинители во образовниот процес		Тим за кариерено советување
Јуни	Обезбедување квалитет	Анализа, евалуација и ревидирање на програмата	Да се обезбеди систематска анализа и проценка на ефективноста на спроведените кариерни активности и да се направат прилагодувања на програмата во согласност со добиените повратни информации и идентификуваните потреби..	Сите чинители во процесот	Извештај за спроведената анализа и евалуација на програмата. Добиени повратни информации од ученици, наставници, родители и соработници. Подобрена и ажурирана програма која е усогласена со реалните потреби на учениците и барањата на пазарот на труд. Подигнат квалитет и поголема ефективност на кариерното советување во училиштето.	Тим за кариерено советување

План за континуиран професионален развој

Образецот треба да вклучува и краток приказ на годишна евалуација на работата на кариерниот советник, лична SWOT анализа и евентуално неколку понудени прашања за себерефлексија.

Активност	Цел	Очекувани резултати (квалитативни и квантитативни индикатори)	Вклучени чинители (надворешни/ внатрешни	Ресурси (вклучително и начин на обезбедување)	Временска рамка

			соработници)		
Учество на стручни обуки и семинари во земјата и странство	Да се унапредат знаењата и вештините за современи методологии во кариерно советување.	Зголемена компетентност во примена на иновативни пристапи и алатки.	Кариерни советници од регионот и странство	Финансиски средства за котизација, време, материјали од обуката.	Минимум три годишно
Учествување во форуми, мрежи и локални групи за кариерни советници	Да се поттикне професионалната размена на искуства, знаења и добри практики меѓу кариерните советници, со цел зајакнување на квалитетот на кариерното советување во училиштата.	Р азмена на добри практики и искуства меѓу професионалци. Зголемена професионална мрежа и соработка на локално и национално ниво. Подобрување на компетенциите на кариерните советници. Поттикнување иновации и нови пристапи во кариерното советување.	Кариерни советници од регионот	Патни трошоци во висина на автобуски билет обезбедени одучилиштето	Текот на учебната година
Вклучување во професионални мрежи и асоцијации	Да се развие соработка со други кариерни советници и експерти.	Размена на добри практики, нови идеи и зголемени можности за партнерства.	Кариерни советници од регионот	Чланарина, интернет пристап, време за учество.	Континуирано во текот на годината.
Спроведување истражување или анализа на потребите на учениците	Да се идентификуваат специфичните кариерни интереси и потреби на учениците во училиштето.	Изработен извештај кој служи како основа за планирање на програмите за кариерно советување		Анкетни прашалници, софтвер за анализа, време за обработка	Еднаш годишно (септември – октомври).

Самоедукација преку литература и онлајн ресурси	Да се следат најновите трендови во кариерниот развој и пазарот на труд.	Подготвеност за применување нови практики и интеграција на актуелни информации во советувањето	Кариерниот советник	Пристап до стручна литература, онлајн платформи, време за учење.	2 часа месечно
Спроведување колегијални споделувања (peer learning)	Да се овозможи учење преку размена на искуства и практични случаи со колеги од училиштето или други институции.	Подобрени практични вештини и нови решенија за предизвиците во секојдневната работа.	Кариерни советници	Време за состаноци, простор за средби, подготвени материјали.	Најмалку еднаш на тримесечје.

Клучни индикатори за обезбедување квалитет:

1. Изработен годишен план за работа на кариерниот советник.
2. Комплетирана ажурирана евиденција за сите реализирани активности.
3. Обезбедени повратни информации за ефектите од програмата од страна на учениците, наставницитем родителите и др. чинители во процесот.
4. Спроведена евалуација на работата со најмалку 50% од учениците кои учествувале во програмата.(анкети, прашалници за мерење на ефектите).
5. Потпишани меморандуми за соработка и реализирани најмалку една заедничка активност.
6. Реализирани посети на семинари, конференции, вебинари, мобилности и сл.

7. Изготвена рефлексија на кариерниот советник за сопствената работа, самоевалуација.
8. Изготвени извештаи, табели, графикони, годишен извештај за кариерното советување и др.

Кариерни советници

Мануела Јанкоска Брдароска

Борка Секулоска Вретоска

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Здружението ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УСК“ОЕМУЦ СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“-Охрид од областа на спортот е формирано за остварување на заеднички цели и интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците на училиштето ОЕМУЦ Св.Наум Охридски-Охрид. Како посебни цели и задачи се утврдуваат:

- Поттикнување и развој на спортот и спортско-рекреативните активности на учениците во ОЕМУЦ Св.Наум Охридски-Охрид
- Развивање и усовршување на системот на натпревари со училишни екипи
- Води грижа за одржување на објектот-Спортска сала при ОЕМУЦ Св.Наум Охридски-Охрид при користење на салата
- Се грижи за здравствената заштита на спортските-членови во клуботГо стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот
- Стручно усовршување на своето членство
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку, правила, прописи, договори и сл
- Соработува со други спортски организации, секции и клубови

Пропаганда и афирмација на спортот во општината и пошироко

Иницијативниот одбор за основање и формирање на спортско здружение ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УСК “ОЕМУЦ СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“-Охрид го сочинуваат следните членови: Сашо Недески, Златко Гаврилоски, Валентино Костадиноски, Левент Рифат, Ангеле Буџакоски. Спортскиот клуб е формиран на ден 14.12.2023 година.

Како посебни цели и задачи се утврдуваат:

- Поттикнување и развој на спортот и спортско-рекреативните активности на учениците во ОЕМУЦ Св.Наум Охридски-Охрид
- Развивање и усовршување на системот на натпревари со училишни екипи
- Води грижа за одржување на објектот-Спортска сала при ОЕМУЦ Св.Наум Охридски-Охрид при користење на салата
- Се грижи за здравствената заштита на спортските-членови во клуботГо стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот
- Стручно усовршување на своето членство
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку, правила, прописи, договори и сл
- Соработува со други спортски организации, секции и клубови
- Пропаганда и афирмација на спортот во општината и пошироко.

Планирање и развој

Глобалниот план за развој на ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УСК и спортски активности во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачка

ОБЈЕКТИ

КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

- Користење на училишни сали и терени за спорт и рекреација на учениците
- Користење на други терени и објекти за спорт и рекреација во оптината

АКТИВНОСТИ

СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на реализацијата на спортските активности и што помасовно опфаќање на учениците кои сакаат да се занимаваат со спорт, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УСК ќе формира повеќе секции во разни спортови како што се кошарка, одбојка, фудбал, ракомет, пливање, стрелаштво, планинарство, тенис, пинг-понг и др спортски дисциплини. Преку редовните тренинзи во наведените спортски секции, учениците ќе ги откриваат своите спортски склоности и талент, кои преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни спортисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци во националните спортски селекции.

За таа цел ќе бидат изготвени стручни орограми за работа за секоја спортска секција поодделно со распоред на тренинзи и натпревари на секции.

НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Покрај редовните тренинзи, спортски секции и екипи на клубот и училиштето, ќе имаат и натпреварувачки активности со учество на училишни натпревари организирани од соодветни училишни спортски асоцијации. Со учество и настапите на антпревари, младите спортисти ќе го стекнат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како спортисти и натпреварувачи.

Секциите и екипите на клубот во наведените спортови, ќе земат учество на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на соодветните државни спортски федерации, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со училишни спортски клубови и друштва од други земји.

МЕДИЦИНСКО ЗДРАВСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Со оглед на се поголемата присутност на физички и трелесни деформитети кај маладата популација односно учениците, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УСК ќе формира секција заКинезитерапија, преку чија работа на соодветни стручни лица со соодветни вежби ќе се помага на младите лица за јакнење на организмот.

СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

За успешна реализација на Програмата за работа, клубот ќе инвестира во стручното усовршување на стручните кадри-наставници во клубот, преку набавка на стручна литература, како и преку испраќање и присуство на стручни семинари и курсеви како во земјата така и во странство.

МАТЕРИЈАЛНО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

СОПСТВЕНИ ФИНАНСИИ

- Членарина од учесниците во спортските школи
- Спонзори и донатори
- Самофинансирање од страна на родителите

ФИНАНСИИ ОД БУЏЕТОТ

- Средства од буџетот на општината
- Средства од соодветната училишна спортска асоцијација

СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ

-Периодични барања до стопанските и нестопанските организации

Изготвување на проект програми за активности од областа на спортот, спортската рекреација и здравствените акции и манифестации за конкурирање кај соодветните општински и државни институции како и кај странски финансиски организации.

9.2. Ученички акции и волонтерство
Драмски, музички, ликовни и други настани

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на воспитно- образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и афинитети на учениците. Според карактерот и содржината на работа, слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците,
- Културно-уметнички активности,
- Слободни технички активности,
- Спортски активности.

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува љубопитноста, сознајните способности и креативноста на учениците,
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување,
- Да се негува доследност и истрајност во извршувањето на ученичките обврски,
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време.

Слободните ученички активности се реализираат во слободното време на учениците и врз основа на соодветни програми што се составен дел на оваа програма.
Слободна активност реализираат предметните наставници. Реализацијата вообичаено се остварува на наставни часови пред или после редовната настава. Учесниците во слободната активност сочинуваат една група односно секција.

Просторната, материјалната и кадровската опременост во Центарот дава можност за изведување на поголем број на активности од овој вид. Меѓу нив би ги наброиле: драмската, рецитаторската, литературната, оркестар, спортска, ликовна, секција за автоматика, електроника, енергетика, млади математичари, млади историчари, млади еколози и сл.
Оваа учебна година работи и спортски клуб на училиштето. Со која активност од областа на спортот и спортските активности ќе се ангажираат учениците , ќе се утврди после покажаниот интерес (преку анкета) и планот за неговата работа како и другите планови на секциите ќе се доставаат дополнително.
Резултатите од активностите ќе бидат презентирани низ различни форми како: културно-забавни приредби и манифестации, натпревари и лични творби.

Центарот станува и треба континуирано да се развива во место за слободно творечко изразување на младите, за нивна духовна надградба, начин преку кој учениците ќе го исполнат своето слободно време со корисни активности, а истовремено ќе се влијае на подигнување на културно-образовното ниво на населението.

Планирана активност	Цели	Реализатор	Време	Извори (ресурси)	Очекувани ефекти
Формирање на секцијата/ спортскиот клуб	Избор на талентирани ученици по пат на аудиција или анкета за афирмација на училиштето	Ученици и одговорен наставник	Септември 2025	Списоци на ученици	Соодветен избор на надарените ученици за членови на секцијата
Работа со членовите на секцијата според адекватно предвидените содржини и активности	Поттикнување на креативноста и негување на љубовта кон науката, уметноста/спортот	Ученици и одговорен наставник	Цела година	Стручна литература и друг потребен материјал според потребите	Афирмација на сопствените афинитети
Претставување на работата на секцијата во училиштето и надвор од него	Успешно претставување на секцијата пред институции по одредени поводи	Ученици и одговорен наставник	Цела Година	Трудови на учениците	Докажување на талентираноста, способноста и совесноста во исполнувањето на задачите

Извештај од реализираните активности на секцијата	Согледување на успешноста но и недостатоците во работата на секцијата	Одговорен наставник и членови на секцијата	Јуни 2025	Изготвен извештај	Сублимирање на показатели за идно поуспешно планирање.

10. Ученичко организирање и учество

Учениците како важен сегмент од животот и работата на училиштето, секако дека треба да учествуваат со свои забелешки, ставови и мислења со што ќе придонесат за успешна реализација на наставниот процес во училиштето. Мислењата, ставовите и предлозите на учениците треба да се респектираат, анализираат и согледуваат, зошто тие како учесници во процесот на учење, а поттикнати од процесот на поучување во наставата сакаат што полесно и побрзо да се вклучат во процесот на учењето.
Соработката со учениците е еден од начините за нивно вклучување во напорите што ги прави училиштето за постигнување на подобри резултати во воспитно образовната работа.
Активностите имаат за цел да ги подобрат условите за учење, да го развијат тимскиот дух и да ја зајакнат соработката меѓу учениците, наставниците и поширокаата заедница. Фокусот е насочен кон зголемување на учеството на учениците во различни општествени и образовни активности, како и кон развој на лидерските способности и социјалните вештини. Клучен аспект е промоција напозитивни вредности како што се: солидарност, почитување на различностите и развој на креативни и културни активности.
Претседателствата на годините ќе се состануваат најмалку еднаш месечно и ќе ги разгледуваат успехот, поведението и сите тековни проблеми што се однесуваат на животот и работата на учениците.
За прашањата од интерес на целото училиште се состанува претседателството на Училишната зедница.
Со работата на училишната заедница координираат психологот и педагогот на Центарот.
Организационо – структуралната шема на работа со учениците е следна:

- Претседател на ученичката заедница

- Заменик претседател
- Записничар

Претседателство на ученичката заедница е составено од 4 члена и тоа по еден член од секоја година (прва, втора, трета и четврта). Членот од четврта година е и претседател на претседателството на ученичката заедница.

Активност	Време на реализација	Соработници
Конституирање на ученичката заедница. Избор на органи и комисии во рамките на ученичката заедница. Формирање на Собрание и Совет на Ученичката заедница.	септември	Ученици, педагог, психолог
Спроведување на ученички иницијативи (активно ангажирање на учениците во унапредување на училиштето и заедницата).	Во текот на целата година	ЦСОО и МЦГО Тим за координација (Проф.по Граѓанско образование-Билјана Божиноска, Директорот и Психолог/Педагог)
Реализација на тема од асоцијални појави	октоври	МВР,ученици,класни раководители, родители педагог, психолог
Анализа на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие. Разгледување на проблематични ученици	ноември	Комисија за успехот Комисија за проблематични ученици педагог, психолог
Договор за активности околу безбедноста во предновогодишните празници. Договор околу прославата на Патрониот празник и земање учество во активностите	декември	Тим за безбедност Младинска организација

Напатствија за полагање на завршен испит и државна матура за учениците од завршните години.		
Анализа на успехот и поведението на учениците на крај на првото полугодие. Разгледување на проблематични ученици	јануари	Комисија за успехот Комисија за проблематични ученици педагог, психолог
Спроведување анкета за интересот за изведување и дестинација за ученичката екскурзија Разгледување и избор на понуди за изведување на екскурзијата	февруари-март	Ученици, родители, Комисија за спроведувањ и изведување на екскурзијата
Анализа на успехот и поведението на учениците во второто полугодие. Разгледување на проблематични ученици	март	Комисија за успехот Комисија за проблематични ученици педагог, психолог
Реализација на стручна тема во зависно од пројавениот интерес на учениците	март	Младински совет ученици,класни раководители, родители педагог, психолог
Договор за избор и изведување на понуда за сликањето за матурантите за ученичко табло	март	Ученици, родители и комисија за избор на најповолна понуда
Анализа на успехот и поведението на учениците на крај на првото полугодие. Разгледување на проблематични ученици	април	Комисија за успехот Комисија за проблематични ученици педагог, психолог
Разгледување и избор за понуди за прослава на матурска вечер. Договор околу активностите за безбедно славење на матурската вечер	мај	МВР, тимот за безбедност ученици,директор,класни раководители,педагог, психолог
Напатствија за полагање на поправни испити	јуни	Ученици,класни раководители,педагог, психолог

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/ паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
1.	Стручниот тим формиран со одлука на Училишниот одбор: директорот на училиштето, раководителот на екскурзијата, стручните соработници, класните раководители на паралелките од III година и наставници кои реализираат настава во паралелките кои одат на екскурзија.	Училишна екскурзија Будимпешта – Прага – Дрезден – Виена	III година	25.05.2025 – 30.05.2025 (5 дена / 3 ноќевања)	Ристоска Билјана Раководител на училишната екскурзија

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

Во нашето училиште учениците се вклучуваат во вонучилишни активности кои придонесуваат за нивниот личен, социјален и образовен развој. Во рамки на предметот Спорт и спортски активности се реализираат спортски натпревари општински и регионални каде што учениците кои што се истакнале со одредени вештини се вклучуваат во истите. Учениците се вклучуваат во еколошки акции, организирање на хуманитарни акции како што е хуманитарен концерт и продажба на рачни изработки од ученици за време на патрониот празник, натпревари по различни предмети, како и работилници на различни теми. Тука спаѓа и размената и соработката со другите училишта. Учениците на ваквите активности се вклучуваат доброволно во зависност од интересите како и:

-Мотивација од страна на наставницит,
-Учениците предлагаат сопствени идеи за активности и проекти,
-Се обезбедува еднакава можност за учество.

Најважно е учениците да не бидат само вклучени учесници, туку активно да учествиваат во реализација на активностите

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

Ученички натпревари

Ученичките натпревари се облик на активности преку кои еден ученик или група ученици се трудат подобро или побрзо да постигнат подобри воспитно-образовни резултати. Натпреварите имаат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Преку нив се поттикнува и развива интересот на учениците кон одредена активност, па на тој начин се воспоставува активен однос кон наставата и вреднувањето на постигнатите резултати.

Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна , продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои го поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација на училиштето во општеството.

Во текот на учебната година во рамките на додатната настава наставниците ќе ги подготвуваат заинтересираните ученици за учество на сите општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари кои ќе бидат организирани од страна на установите или институциите кои за тоа имаат одобрение од Министерството за образование и наука. Училиштето ќе ги организира сите училишни натпревари предвидени во програмата на стручните активи. На општинските, регионалните или државните натпревари ќе земат учество учениците кои покажале подобри резултати на училишните натпревари.
И оваа учебна година нашите ученици со нивните ментори ќе учествуваат на меѓународниот натпревар – Балкан јуниор.

Планирана активност	Време	Реализатор	Целна група	Очекувани исходи и ефекти
Изготвување план на училишни натпревари	Септември 2026	наставници Стручни активи	наставници и ученици	Реално изготвен план
Објавување на планот на огласна табла	Октомври 2026	Одговорен наставник	наставници и ученици	Транспарентно и навремено информирање

Менторска помош за натпреварувачите	Октомври, Ноември 2026	наставници	Ученици - натпреварувачи	Мотивирани и подготвени натпреварувачи
Непосредно информирање за натпревар (разглас)	Два дена пред Натпревар	Педагог и психолог	Наставници и ученици	Подготвени услови за Натпревар
Спроведување на натпревари	Ноември, декември 2026	Комисија	Ученици - натпреварувачи	Објективно и фер Натпреварување
Обработка на пода-тоците од натпревар	Декември 2026	Наставници	Наставници - ментори	Сумирање на резултатите од Натпреварот
Истакнување на резул-атите на огласна табла и разглас	Јануари 2027	Педагог и психолог	Наставници и ученици	Транспарентно информирање
Извештај за одржаните Натпревари	Јануари 2027	Наставник ментор	Наставнички совет	Насоки за успешно натпре-варување од повисок ранг
Подготовки за натпревари од повисок ранг(меѓународен)	Февруари, март 2027	Наставници ментори	Натпреварувачи	Солиден приод кон извршување на менторската работа
Учество на натпревари од повисок ранг (меѓународен)	Април, мај 2027	Наставници,ментори	Наставници и ученици	Лично афирмирање и афирми-рање на училиштето
Документирање на резултатите од натпреварите	Мај 2027	Педагог и психолог	Наставници и ученици	Добивање јасна слика за постигањата и пласман на учесниците
Изготвување на годишен билтен извештај за натпреварите	Мај 2027	Педагог и психолог	Наставници и ученици	Предог за пофалби и награди на успешните натпреварувачи
Презентирање на извештајот од натпревар.	Јуни 2027	Одговорен наставник	Наставнички совет	Добивање на јасна претстава за резултатите

13.Мултикултурализам/интеркултурализам и меѓуетничка интеграција

ПРОГРАМА ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2026/27

ТИМ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА

1.Сашо Недески- директор, претседател на тимот
2.Билјана Божиноска, професор по граѓанско образование– координатор на активностите.
3.Жанета Стаиќ Митреска, професор по ликовна култура – помошник координатор на активностите.
4. Ирена Ралева Најдеска -координатор со Младинската организација.
5.Љубица Смилевска-Мојсовска- помошник директор,член на тимот.
6. Анѓелина Филкоска-Соколовиќ, психолог, член на тимот.
7. Анастасија Трифуноска , педагог, член на тимот.

ОЕМУЦ,, Св. Наум Охридски,, Охрид е училиште со 810 ученици за кои според полова и етничка припадност, сликата е следна:
-македонци се вкупно 742 ученик од кои 192 се од женски пол.
-турска националност се 15 ученици од кои 5 од женски пол.
-албанска националност 4 ученици од машки пол.
-египќани се 27 ученици од кои 12 од женски пол.
-ромска националност се 24 ученици од кои 15 се од женски пол.
Во проценти **90,88 % се од македонска националност и 9,12% од другите националности.**
Процентот на застапеност на другите националности ни ја налага потребата од ваква програма, која ги има следните цели:

- Поттикнување и јакнење на меѓуетничката кохезија меѓу учениците;
- Создавање можности за интеракција помеѓу учениците од различни заедници и создавање подобра етничка кохезија помеѓу учениците
- Стимулирање на учениците да учествуваат во активности за подобрување на меѓуетничката кохезија
- Организирање активности каде учениците критички ќе размислуваат и учат едни од други(креативни творби и цртежи,работилници, театарски претстави, дебати, екскурзии, излети, презентација на култури преку храна)и сл.

ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ

Реден број	Содржини / Активности кои ќе се реализираат	Временска рамка	Носители
1.	Формирање Тим за Меѓуетничка интеграција	Септември	Директорот Помошник директор Професор по граѓанско образование Професор по ликовна култура Раководител на Младинската организација Стручната служба
2. 3. 4. 5.	Организирање еднодневна екскурзија – посета на Техничките факултети во Скопје со ученици од различна етничка структура Вклучување на професорите Јорданка Недеска Симиџиоска, Љупчо Балески, Ирина Димзова Треневска и Билјана Божиноска, и ученици од различна етничка припадност во Е- Твининг проекти Заедничко учество на учениците од различна националност на работилница за ,, Негување и грижа за менталното здравје,, Излет со ученици од различна етничка припадност до Рамне, со цел заедничко дружење	Октомври	Директорот Раководител на Младинска организација Координатор на ТМИ Психологот Стручната служба Раководител на Младинска организација
6.	Гледање на една серија од ,, Наше маало,, и дискусија /сликање,правење макета од културно или верско обележје по гледањето на серијата која може да ги прикаже сите предности од живеењето во една мултикултурна заедница.	Ноември	Педагогот Стручната служба

7.	Трибина/дискусија за видливо и невидливо насилство со ученици од различна етничка припадност.		Психологот
8.	Вклучување на ученици од различна етничка припадност во активности по повод Патрониот празник на училиштето (хор, изложба, рецитал, скеч, драма итн) како и во презентирање на кабинетите по струки. Презентација на различни култури преку рачни изработки и храна како дел од Програмата за патронат на училиштето	Декември	Младинска организација Одговорни професори по граѓанско образование,музичка култура, ликовна уметност, македонски јазик и литература,
9.	Работилница за кариерно советување со вклученост на ученици од различна етничка припадност.	Февруари	Стручна служба Психологот, предметен проф.по граѓанско образование
10.	Учество во Еко- акција во околината на училиштето со вклученост на ученици од различна етничка припадност, со цел развивање на чувството на заедничка грижа за средината во која живееме и работиме	Март	Младинска организација Помошници директори
11.	Учество на промоција на книги – поетско читање со присуство на ученици од различна етничка припадност.	Април	Младинска организација Предметни професори по македонски јазик и литература
12.	Мултикултурна работилница Ученици од класови во кои има повеќе етнички групи, да прават рачни изработки карактеристични за нивната етничка група Пример: различни украси, везови, обичаи за главни религиски празници и да го споделат тоа помеѓу себе. Самите ученици да направат презентации за: пример како изгледа една муслиманска свадба, христијанска свадба и тоа да го презентираат на работилницата.	Мај	Професор по граѓанско образование Професор по ликовна култура

	Сите да си поставуваат прашања помеѓу себе за она што ги интересира од различната етничка или религиска група.		
13	Заедничко дружење- излет, пешачење, планинарење со ученици од различна етничка припадност	Јуни	Младинска организација Професор по граѓанско образование Координатор на активностите

14. Проекти што се реализираат во средното училиште

Цел

Да се унапреди квалитетот на воспитно-образовниот процес преку активно учество во национални и меѓународни проекти, интернационализација на училиштето и развивање на култура на проектно работење. Преку планирање и реализација на проектни активности да се поттикне професионалниот развој на наставниците, развојот на клучните компетенции кај учениците, примената на современи наставни методи, дигитални технологии и вештачка интелигенција во наставата, како и промовирањето на STEM образованието, иновациите и претприемништвото.

Истовремено, проектните активности ќе придонесат за развивање на европските вредности, интеркултурниот дијалог, инклузивното образование, активното граѓанство, одржливиот развој и еколошката свест. Преку соработка со домашни и странски образовни институции, организации, компании и локалната заедница ќе се овозможи размена на добри практики, стекнување нови знаења и искуства, како и унапредување на меѓународната препознатливост на училиштето.

Крајната цел е создавање современа, иновативна и европски ориентирана училишна средина во која учениците и наставниците активно учествуваат во процесите на учење, истражување, соработка и доживотно учење, придонесувајќи за континуирано подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

Активност	**Време на реализација**	**Носител**	**Очекуван резултат**
Подготовка и аплицирање на Erasmus+ проекти (KA1, KA2)	октомври – март	Наставник, проектен тим	Поднесени проектни апликации
Подготовка и аплицирање на RYCO проекти	ноември	Наставник, проектен тим	Поднесени проектни апликации
Координација и реализација на одобрени Erasmus+ проекти	Во текот на годината	Наставник, проектен тим	Успешно реализирани мобилности и активности

Активност	**Време на реализација**	**Носител**	**Очекуван резултат**
Координација и реализација на одобрени RYCO проекти	Во текот на годината	Наставник, проектен тим	Успешно реализирани мобилности и активности
Реализација на eTwinning проекти	Во текот на годината	Наставник и ученици	Учество на учениците во меѓународни активности
Вклучување во национални и меѓународни натпревари и иницијативи	Според календарот	Наставник, проектен тим	Зголемено учество на учениците
Организација на дисеминациски активности по завршени мобилности	По секоја мобилност	Наставник	Споделени искуства со наставници и ученици
Подготовка на промотивни материјали и објави за веб-страницата и социјалните мрежи	Во текот на годината	Наставник	Зголемена видливост на проектите
Организирање работилници за ученици поврзани со STEM, AI, дигитални алатки, одржлив развој и европски вредности	Во текот на годината	Наставник	Подобрени компетенции на учениците
Соработка со домашни и странски партнери	Во текот на годината	Наставник, проектен тим	Нови партнерства
Менторирање наставници при користење на дигитални алатки и проектна работа	Во текот на годината	Наставник	Подигнати дигитални компетенции на колегите
Изработка на извештаи и евалуација на проектните активности	По завршување на активностите	Наставник, проектен тим	Навремено доставени извештаи

Очекувани резултати

- Зголемен број на национални и меѓународни партнерства со образовни институции, организации и компании.
- Подготовка и поднесување квалитетни проектни апликации во рамките на Erasmus+, eTwinning и други национални и меѓународни програми.
- Успешна реализација на одобрените проекти согласно планираната динамика и поставените цели.
- Поголема вклученост на учениците во проектни активности, работилници, натпревари, истражувања и волонтерски иницијативи.
- Подобрување на дигиталните компетенции на учениците и наставниците преку користење современи ИКТ алатки, платформи за соработка и алатки базирани на вештачка интелигенција.
- Развивање на STEM компетенциите и практична примена на знаењата преку проектно и истражувачко учење.
- Подобрување на комуникациските, јазичните, интеркултурните и социјалните компетенции кај учениците и наставниците.
- Развивање на претприемачки вештини, лидерство, тимска работа и критичко размислување.
- Поттикнување на креативноста, иновативноста и активното учество на учениците во наставниот процес.
- Интегрирање на европските вредности, демократската култура, човековите права, инклузијата и еднаквите можности во воспитно-образовниот процес.
- Подигање на свеста за одржлив развој, заштита на животната средина, циркуларна економија и одговорно користење на природните ресурси.
- Развивање на еколошка култура и активно учество во зелени иницијативи и акции.
- Подобрување на квалитетот на наставата преку примена на иновативни наставни методи, проектно учење и современи образовни технологии.

- Поттикнување на меѓупредметна соработка и размена на добри практики меѓу наставниците.
- Зголемување на мобилноста на наставниците и учениците преку учество во меѓународни обуки, студиски посети и активности за учење.
- Подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар преку континуирано стручно усовршување.
- Развивање култура на доживотно учење и континуиран професионален развој.
- Подобрување на соработката со локалната самоуправа, високообразовните институции, невладиниот сектор и бизнис-заедницата.
- Поголема вклученост на родителите и локалната заедница во проектните активности кога тоа е соодветно.
- Зголемена видливост и препознатливост на училиштето преку редовно информирање на јавноста, веб-страницата, социјалните мрежи и медиумите.
- Организирање на дисеминациски настани, презентации, изложби и работилници за споделување на проектните резултати.
- Изработка на дигитални наставни материјали, прирачници, презентации и други образовни ресурси кои ќе останат достапни за понатамошна употреба.
- Обезбедување одржливост на проектните резултати преку нивна интеграција во наставата и секојдневната работа на училиштето.
- Унапредување на квалитетот на училиштето преку интернационализација, иновации и примена на европски стандарди во образованието.
- Јакнење на угледот на ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид како современо, иновативно и европски ориентирано стручно училиште.

Наставници: Јорданка Недеска Симиџиоска и Љупчо Балески

15. Поддршка на учениците

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори, ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. На учениците им се овозможува своите активности да ги презентираат пред поширокатa општествена јавност како на пример: драмски проекти, учество во телевизиски емисии, изложби, проекти и слично.
За учениците од завршните години се организираат разни форми на професионална ориентација.

ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Планирана активност	Цели	Реализатор	Време	Ресурси	Очекувани ефекти
Изработка на евидентни листови за следење и вреднување на учениците	Квалитетна изработка на евидентни листови	Класни раководители и наставници	Август 2026	Годишна програма	Континуирано и објективно следење на постигнувањата на учениците
Проверка на евидентните листови на	Согледување на редовноста и уредноста во	одговорни наставници	ноември, јануари, април,	Евидентни листови	Навремено и уредно следење на постигнувањата на

наставниците	водење на евидентните листови		јуни		учениците
Спроведување на анкета на ученици за транспарентно оценување	Согледување на транс-парентноста во оцену- вањето на наставниците	Стручна служба	Декември	Анкетни листови	Транспарентно оценување
Анализа и изработка на табеларни извештаи	Утврдување на состојбата на успехот и поведението на учениците	Класни раководители и наставници	ноември, јануари, април, јуни	извештаи-квартален, полугодишен и годишен	Согледувањена успехот и поведението на учениците
Анализа на постигнувањата на учениците по предмети	Следење на постигнувањата на учениците	Стручна служба	Јануари и јуни	полугодишен и годишен изештај	Подобрување на успехот на учениците

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Превентивната програма за средно училиште треба да се фокусира на создавање на сигурна и поддржувачка средина за учениците, со цел да се намали ризикот од насилство, дискриминација, злоупотреба на психоактивни супстанции и малолетничка деликвенција. За да биде успешна, програмата треба да вклучува различни активности, едукативни интервенции и поддршка од различни страни: училиштето, родителите и заедницата.

1. Едукативни и информативни активности:

• **Рабилници и предавања** за превенција на насилство, дискриминација и злоупотреба на психоактивни супстанции.
о Теми: што претставува насилството, како да се препознаат знаците на насилство, како да се заштити личното достоинство, што е дискриминација и како да се спречи, како се развива зависност и ефектите на психоактивните супстанции.
о Предавачи: психолози, социјални работници, луѓе од полицијата, здравствени професионалци.
• **Едукативни материјали** кои ќе ги информираат учениците за ризиците од насилството, дискриминацијата и злоупотребата на дрога.
• **Обучување за емоционална интелигенција**: Развивање на способности за препознавање и управување со емоции, како и за градење на позитивни меѓучовечки односи. Ова ќе го намали ризикот од насилничко однесување и ќе помогне во спречување на конфликти.
2. Активности за развој на позитивни однесувања:
• **Програми за развој на лидерски вештини и самодоверба**. Организирање на активности во кои учениците ќе можат да покажат лидерство, како што се волонтирање, учество во ученичкиот парламент или други иницијативи. Овие активности можат да им помогнат на учениците да развијат здрави вредности, како што се одговорност и почитување на другите.
• **Спортски активности и групни игри** кои ја промовираат тимската работа, соработка и почитување на разликите меѓу учениците. Овие активности можат да ги одвратат учениците од насилство и да ги стимулираат да градат пријателства и позитивни социјални врски.
3. Поддршка на учениците и интервенции:
•**Школски психолог и советник**: Обезбедување на редовна поддршка за учениците, во форма на индивидуални или групни консултации. Психологот треба да работи на справување со стресот, анксиозноста и другите емоционални проблеми кои можат да доведат до насилно однесување или злоупотреба на супстанции.

• **Програма за интервенција за насилници и жртви на насилство**. За учениците кои се вклучени во насилни инциденти, треба да постојат програми за реформирање на нивното однесување, како и поддршка за жртвите.
• **Соработка со родителите**: Образовни сесии за родителите, со цел да ги информираат за симптомите на насилство, злоупотреба на дрога и малолетничка деликвенција, и како тие да го поддржат своето дете. Родителите треба да бидат вклучени во процесот на решавање на овие проблеми.

- **4. Превенција на злоупотреба на психоактивни супстанции:**

• **Програми за информативно едуцирање** за последиците од злоупотребата на дроги, алкохол и други психоактивни супстанции, како и како да се препознае зависноста.

• **Поддршка за ученици со проблеми со зависност**: Создавање на групи за поддршка или рехабилитација, каде учениците ќе можат да зборуваат и да ги делат своите искуства, со цел да се понуди помош и насоки за прекинување на зависноста.

5. Превенција на малолетничка деликвенција:

• **Програми за работа со млади со ризик**: Идентификување на учениците кои покажуваат знаци на деликвентно однесување и организирање на специјализирани програми за нивно претпазливо насочување и реинтеграција во заедницата.

• **Работилници за правата на младите и одговорностите**: Образување на учениците за нивните права и одговорности како граѓани. Преку овие работилници, учениците ќе научат за законите и моралните норми, како и како да ги избегнат последиците од деликвентното однесување.

6. Создавање на сигурна и поддржувачка средина:

